Macedonian / Македонски

# Ваш официјален водич
## за сојузните избори 2022

**САБОТА, 21 МАЈ 2022**

**ГЛАСАЊЕТО Е ЗАДОЛЖИТЕЛНО**

ЗА АВСТРАЛИСКИТЕ ДРЖАВЈАНИ НА ВОЗРАСТ ОД 18 ГОДИНИ И ПОСТАРИ



## Вашиот глас ќе помогне во оформувањето на Австралија

# Порака од
## Претседателот на изборната комисија

AEC (Австралиска изборна комисија) го подготви овој водич за да ви помогне да планирате како да гласате на овие сојузни избори. Водичот содржи поединости како да гласате правилно, што се случува на гласачкото место, често поставувани прашања и практични совети како да проверувате извори на информации.

На денот на изборите ќе ги отвориме гласачките места низ земјата, а ќе нудиме и други можности за гласање за да им помогнеме на заедниците да го кажат своето мислење.

**Можете да бидете сигурни дека:**

- Спроведуваме изборен процес со **интегритет**, обезбедувајќи го вашиот глас на секој чекор од процесот – од печатењето на гласачките ливчиња до нивното броење.
- Вашето **здравје и безбедност**, како и здравјето и безбедноста на нашиот персонал кој работи на изборите, се приоритет и ќе бидат воспоставени низа безбедносни мерки од COVID-19.

Жестоката размена на идеи е дел од изборната кампања и ве поттикнувам внимателно да ги разгледате сите информации што ќе ги добиете, но посебно оние што го доведуваат во прашање нашиот добро воспоставен изборен процес. **Запрашајте се дали тие информации се од препознатлив и веродостоен извор.** Ако одговорот е ‘не’, мојот предлог е да бидете внимателни.

Посетете ја веб-страницата **aec.gov.au** за повеќе информации за тоа како можете да го кажете вашето мислење на овие избори.

**Tom Rogers**
Претседател на изборната комисија

повеќе од **96%** на изборниот список

**7.000+** гласачки места

**500+** центри за предвремено гласање

**100.000+** привремено вработени лица на изборите

# Застанете и размислете
## Проверете го изворот на информации на овие сојузни избори

За време на изборниот период се раздаваат голем број на информации кои се наменети да ве наведат како да гласате, со намера да се влијае на вашиот глас.

Ова е витален дел од демократскиот процес. Ова им дава на кандидатите, политичките партии и другите начин да ги споделат нивните политики и верувања со гласачите.

Меѓутоа, некои иформации може нарочно да бидат лажни или погрешни.

Важно е внимателно да размислите за тоа што го гледате, слушате или читате за сојузните избори.

Одвојте време да размислите дали информациите се:

- од сигурен или препознатлив извор
- тековни
- безбедни (не се измама).

Ова е особено важно кога информациите се на социјалните медиуми и онлајн.

Отидете на **aec.gov.au/stopandconsider** за повеќе информации и кратки видео записи со корисни совети.



# Изборите ќе се одржат во во сабота, 21 мај 2022

## Гласачките места ќе бидат отворени од 8 ч. наутро и ќе затворат точно во 6 ч. попладне

Сојузните избори се одржуваат со цел Австралијците да можат да изберат пратеници кои ќе ги застапуваат нивните ставови и интереси во Претставничкиот дом и во Сенатот.

### Кој треба да гласа?

Сите австралиски државјани на возраст од 18 години и постари се обврзани да се запишат во гласачкиот список и да гласаат на сојузните избори.

### Каде можам да гласам?

На денот на гласањето, можете да гласате на било кое гласачко место во вашата држава или територија. Гласачките места се отворени од 8 ч. наутро до 6 ч. попладне.

Гласачките места обично се наоѓаат во локалните училишта, цркви и сали во заедницата, или во јавни згради. За да дознаете каде се наоѓа најблиското гласачко место, посетете ја веб-страницата **aec.gov.au/where**

Ако имате ограничена подвижност или попреченост, или се грижите за некој кој ја има, можете да ги проверите деталите за пристапност до гласачките места на **aec.gov.au/where**

За опции за гласање за слепи или лица со слаб вид, посетете ја веб-страницата **aec.gov.au/assistance** или јавете се на **13 23 26.**

### Што да правам ако сум во друга држава или територија?

Ако на денот на изборите се наоѓате во друга држава, ќе можете да гласате во назначен центар за гласање во таа држава или размислете за можностите за предвремено гласање кои се објаснети подолу.

### Што да правам ако не можам да гласам на денот на изборите?

Ако на денот на изборите не можете да гласате на гласачко место во вашата држава или територија, можеби ќе имате право да гласате предвреме, лично или преку пошта.

#### Како можете лично да гласате предвреме

Ако ги исполнувате условите, можете да гласате пред денот на изборите. Центрите за предвремено гласање ќе бидат отворени од **понеделник, 9 мај 2022.** Датумите и времето на отварање се различни, затоа посетете ја веб-страницата **aec.gov.au/where** за да ги проверите деталите за секој центар.

За повеќе информации за предвремено гласање и да проверите дали ги исполнувате условите за тоа, посетете ја веб-страницата **aec.gov.au/early** или јавете се на **13 23 26.**

#### Како можете да гласате предвреме преку пошта

Преку пошта можат да гласаат гласачи кои го исполнуваат условите за тоа. Проверете дали ги исполнувате условите и поднесете молба онлајн на **aec.gov.au/pva**

Пополнете ја вашата молба за гласање преку пошта за таа да стигне во АЕС **најдоцна до 6 ч. попладне во среда, 18 мај 2022.**

Ве молиме, јавете се на **13 23 26** ако немате пристап до интернет и сакате да се пријавите за гласање преку пошта.

### Во која изборна единица сум јас?

Можете да проверите во која изборна единица живеете на **aec.gov.au/electorate**

Ако живеете во **Западна Австралија** или **Викторија**, можеби се промениле името или границите на вашата изборна единица од последните сојузни избори како резултат на прераспределба. Можеби ќе треба да гласате во друга изборна единица или вашето вообичаено гласачко место можеби се наоѓа во друга изборна единица.

### Одлуката за кого ќе гласате е ваша

Надвор пред гласачкото место, претставници на изборните кандидати може да ви понудат картички за тоа како да гласате, упатувајќи ве да гласате на одреден начин. Не сте обврзани да ги земете овие картички или да ги следите упатствата на нив.

Имале ли друго прашање? Отидете на **aec.gov.au/faqs**



# Што треба да направите за да важи вашиот глас

На денот на изборите, ќе добиете два гласачки листа, мало зелено ливче за Претставничкиот дом и голем бел лист за Сенатот. **Мора да ги пополните двата гласачки листа.** На зеленото гласачко ливче, гласате за претставник на вашата локална област или изборна единица во Претставничкиот дом. На белиот гласачки лист, гласате за застапници на вашата држава или територија во Сенатот.

## Претставнички дом

На зеленото гласачко ливче, **напишете број во секое квадратче** по редослед според ваш избор.




Примерок на гласачко ливче

**Не грижете се ако направите грешка.** Можете да побарате друг гласачки лист и да почнете одново.

## Сенат

На белиот гласачки лист, имате избор да гласате на два начини:

**или**

### Над линијата

Ако изберете да гласате над линијата, треба **да напишете броеви во најмалку 6 квадратчиња.**

Напишете го бројот ‘1’ во квадратчето за партијата или групата за која најповеќе сакате да гласате, бројот ‘2’ за партијата или групата која е втора по ваш избор и продолжете сѐ додека не напишете броеви во најмалку 6 квадратчиња. Можете да продолжите да пишувате броеви по редослед според ваш избор во онолку квадратчиња над линијата колку што сакате.




Примерок на гласачко ливче

**или**

### Под линијата

Ако изберете да гласате под линијата, треба да напишете броеви во најмалку 12 квадратчиња, од 1 до 12, за поединечни кандидати по редослед според ваш избор. Можете да продолжите да пишувате броеви по редослед според ваш избор во онолку квадратчиња под линијата колку што сакате.




Примерок на гласачко ливче

Дали знаевте дека може да вежбате како да гласате на веб-страницата на AEC?
Отидете на **aec.gov.au/practise**

# Што можете да направите за да планирате пред да гласате

BE COVIDSAFE

Можете да преземете мерки за да се заштитите себеси и другите додека гласате.

- **Имате симптоми на COVID-19? Ви благодариме што нема да присуствувате на гласачкото место.**
- Ако не се чувствувате добро, може да имате право да поднесете барање да гласате преку пошта. Барање можете да поднесете онлајн на **aec.gov.au/pva** до **6 ч. попладне во среда, 18 мај 2022.**
- Проучете ги кандидатите и преференциите пред да присуствувате на гласањето. Списоци на кандидатите се наоѓаат на **aec.gov.au/election/candidates.htm**
- Онаму каде што е можно, само лицето кое всушност гласа треба да присуствува на гласачкото место.
- Избегнувајте дружење и поминување на дополнително време на или околу гласачките места

Посетете ја веб-страницата **aec.gov.au/covid-safety** за најнови вести и совети

# Што ќе се случи на гласачкото место?

## Чекори за гласање

1. Лице од персоналот во гласачкото место ќе ве праша да го кажете вашето име и презиме, вашата адреса и дали веќе сте гласале на овие избори. Тој/таа ќе го штиклира вашето име во избирачкиот список.
2. Ќе ги добиете гласачките листови.
3. Кај гласачкиот параван, внимателно прочитајте ги упатствата на гласачките листови или замолете некој од персоналот за помош.
4. Пополнете ги вашите гласачки листови.
5. Свиткајте ги вашите гласачки листови и ставете во гласачките кутии.

## Воведени се безбедносни мерки од COVID-19

- Бројот на гласачи присутни внатре во гласачкото место во исто време може да биде ограничен. Можеби ќе ви биде побарано да чекате надвор во редица.
- Одржувајте растојание од 1,5 метри од другите, како надвор така и внатре, а во гласачкото место следете ги ознаките на подот како водич.
- Пријавете се со QR-код или рачно.
- Почитувајте ги барањата за носење маски во вашата област.
- Користете го обезбеденото средство за дезинфекција на рацете.
- Гласачките паравани и моливите ќе се чистат редовно. Ако претпочитате, донесете свое пенкало или молив, но не го оставајте зад себе.




**Одржувајте растојание од 1,5 метри**



**Ако имате симптоми на COVID-19, останете дома**



**Покривајте ги устата и носот кога кашлате и кивате**



**Проверете ги локалните барања за носење маски**



**Користете го доставеното средство за дезинфекција на рацете**

**Важно е да ги следите здравствените упатства за COVID-19 од владата на вашата држава и територија. Врски до овие упатства се наоѓаат на aec.gov.au/covid-safety**

**Информациите во овој водич ги одразуваат околностите во време на неговото печатење. AEC ќе продолжи да ги следи советите од сојузните и државните здравствени власти и сите ажурирани мерки ќе бидат на нашата веб-страница.**

# **Ваш официјален водич**
## за сојузните избори 2022
## **САБОТА, 21 МАЈ 2022**

# **Алтернативни верзии** на овој водич

### **Информации во достапни формати**

Можете да го преземете овој водич во други верзии, на пример, аудио верзија и верзија отпечатена со големи печатни букви од **aec.gov.au/assistance**

Исто така може да добиете верзија отпечатена со Брајова азбука, ако ја побарате на **13 23 26**.

Ако сте глуви или имате оштетен слух или говор, контактирајте нè преку National Relay Service (NRS):

- Корисниците на TTY треба да телефонираат на **13 36 77** и да го наведат бројот **13 23 26**.
- Корисниците на Speak and Listen треба да телефонираат на **1300 555 727** и да го наведат бројот **13 23 26**.
- Корисниците на Internet relay треба да се поврзат на NRS и потоа да го побараат бројот **13 23 26**.
- Исто така ќе бидат достапни услуги за преведување на Auslan (знаковен јазик во Австралија). За повеќе информации, посетете ја веб-страницата на AEC.

### **Информации на други јазици**

**Преведени верзии на овој водич на 33 јазици може да се преземат од aec.gov.au/translated**

Исто така, може да се користат телефонски преведувачки услуги. За информации во врска со гласањето и изборите на македонски јазик, јавете се на **1300 720 139**.




Гласањето е задолжително за сите австралиски државјани на возраст од 18 години и постари. Ако не гласате, може да бидете казнети. Ако гласате повеќе од еднаш, тоа е кривично дело.

**AEC** 21-1558

**aec.gov.au** 13 23 26

AEC
Australian Electoral Commission

Овластено од Претседателот на изборната комисија, 10 Mort Street, Канбера.
Authorised by the Electoral Commissioner, 10 Mort Street, Canberra.